ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службенк**
**по Интерен оглас бр.02/2026**

1.По инетерниот оглас 02/2026 објавен на ден 24.8.2026 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:

- **Ристо Аџиниколов,** со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 Б04 000 – **Раководител на одделение за располагање со државно градежно земјиште**, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија;

2.Именуваниот ќе биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-1083/1 од 18.8.2026 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-1083/3 од 18.8.2026 година, доставени од Градоначалникот на општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 24.8.2026 година објавен е Интерен оглас број 02/2026 на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Раководител на одделение за располагање со државно градежно земјиште, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, 1 (еден) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1083/7 од 3.9.2026 година, на ден 7.9.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе адиниистративна селекција со Записник бр.04-1083/8, а на 9.9.2026 година, во просториите на Општина Гевгелија спрведе интервју со единствениот кандидат, со записник бр.04-1083/9.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-1149/2
14.9.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Изработил, Весна Хаџикојчева
Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник